**Година 2004, јули, број 30**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Учебната година е на самиот крај. Време е на одмори, но и на подготовки.

Деканатската управа на последната седница расправаше за подготовките за наредната учебна година. Донесени се заклучоци кои бараат подготвителни активности и во летниот период.

Неопходно е многу да се стори да го оправдаме зголемениот интерес за студии на Машинскиот факултет.

Да дадеме се од себе.

## ПРВ УПИСЕН РОК

На Машинскиот факултет во Скопје во првиот уписен рок имавме зголемен интерес на кандидати. Имено, вкупно се пријавија 291 кандидати. Од нив 234 кандидати пројавија интерес за академски студии а 57 кандидати за професионални студии.

Првиот стручен испит го положија 223, а вториот стручен испит 227 кандидати од академските студии. Вкупно над 60 поени освоиле освоиле 205 кандидати од академските студии.

Во првиот уписен рок ќе бидат примени 162 кандидати кои го задоволуваат условот за него.

Од професионалните студии, првиот стручен испит го положија 54, а вториот стручен испит 55 кандидати. Вкупно над 60 поени освоиле 53 кандидати од професионални студии.

Во првиот уписен рок ќе бидат примени 53 кандидати.

## ПЛАКЕТА

АД Електростопанство на Македонија по повод завршување на работите на првиот агрегат на ХЕЦ Козјак, на Машинскиот факултет во Скопје му додели плакета.

## ГОДИШНИ ОДМОРИ

Почнувајќи од 12.07.2004 започнува периодот на користење на годишните одмори.

Во текот на тој период факултетот ќе функционира така да секоја од службите (деканатот, сметководството, студентската служба, дактило бирото, сметачки центар и другите технички служби) ќе биде покриена со вработен.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Дипл. маш. инж. Александар Бучковски го одбрани својот магистерски труд на ден 05.07.2004 година

Дипл. маш. инж. Златко Цветковски го одбрани својот магистерски труд на ден 07.07.2004 година.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## ПРОЕКТ НА ЦЕНТРАЛНО ЕВРОПСКАТА ИНИЦИЈАТИВА

Работната група за наука и технологија на Централноевропската Иницијатива спроведува проект под наслов "Од истражувања до претпријатие" чија цел е да помогне при формирањето на нови претпријатија, по пат на практична примена на знаењата, стекнати во рамките на истражувачките и иновациските проекти.

Поканата за поднесување на предлози е упатена до оние истражувачи и научници кои имаат идеи за комерцијализација на своите научни достигнувања. За секој прифатен предлог ќе бидат доделени по 10 000 евра, кои се наменети за плаќање на професионалните консултантски услуги за проценка на изводливоста и оправданоста за формирање на одредено претпријатие.

Предлозите ќе се поднесуваат во период од 1.06 до 30.09.2004, директно до извршниот секретаријат на ЦЕИ.

Подетални информации може да добиете кај продеканот за наука или по е-маил од Ms Giulia Del Fabbro, **delfabbro@cei-es.org** и Mr. Gainfranco Cicognani, **g.cico@cei-es.org**.

## О Т С У С Т В А

1. Доц. д-р Никола Тунески во период од 27.06 до 05.07.2004 година, учествуваше со сопствен труд на Европската конференција на математичари во Стокхолм, Шведска.
2. Доц. д-р Љубица Стефанова во период од 1.07 до 31.07.2004 година ќе реализира студиски престој на Институтот за применета математика (IAM) при Универзитетот UBS во Ванкувер, Канада.
3. Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев од 06.07 до 16.07.2004 година ќе оствари студиски престој во Институцијата ISO во Лисабон, Португалија во рамки на ТЕМПУС проектот.
4. Асс. м-р Христијан Мицковски се врати од отслужување на војниот рок.

## СПОРТ

Тимот на САС со тркачкото возило учествуваше на ридско брзинската трка од шампионатот во автомобилизам на Македонија одржана во Крушево, на 27 јуни. Екипата го освои 10-тото место. Следната трка е на 7 август во Кичево.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**08.07.2004**
**42 СЕДНИЦА НА ННС**

**ВТОР УПИСЕН РОК**

**Пријавување:**
**01-02.09.2004**

**Приемни испити:**

**Математика**
**06.09.2004**

**Физика, Техничка механика и јакост или Информатика**
**09.09.2004**

**30.09.2004**
**43 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА***


## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*